# С О Д Р Ж И Н А

Страна

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ-ПРИЛЕП**

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Тарик Асанов ..........................................................................................................1

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Сања Велкоска ........................................................................................................2

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Миланчо Арсовски .................................................................................................3

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Марта Поповска ......................................................................................................4

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Катерина Мондовска...............................................................................................5

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Дијана Јованоска.....................................................................................................6

**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ-БИТОЛА**

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Виолета Ристовска.......................................................................................7

**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

Извештај од Комисија за оценка на докторска дисертација

на кандидатот м-р Вељко Радичевиќ:.....................................................................................8

Извештај од Комисија за оценка на докторска дисертација

на кандидатот м-р Цветанка Ристиќ:.....................................................................................16

**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО-ОХРИД**

Реферат за избор на наставник од научната области Англистика ..........................................30

Реферат за избор на наставник во сите настванo-научни звања од научната област Германистика ....................................................................................................................43

Реферат за избор на наставник од научната област Финансии ..............................................56

Реферат за избор на наставник од научните области

Применета економија и Економски науки – друго ..................................................................69

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Катерина Јаковческа ........................................................................................82

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Весна Никлеска ..............................................................................................83

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО**

Реферат за избор на асистент-докторант

од научната област Информатика ..........................................................................................84

Рецензија на учебникот со наслов Криминологија од авторите

д-р Ангелина Станојоска и д-р Пере Аслимоски ...................................................................91

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Горан Дамевски ............................................................................................100

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Александар Маркоски ..................................................................................101

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Александар Велески ....................................................................................102

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Христина Митреска .....................................................................................103

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Наталија Трајковска ....................................................................................104

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Јован Марковски ..........................................................................................105

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-ВЕЛЕС**

Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд

на кандидатот Александар Савески ....................................................................................106

**ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА-БИТОЛА**

Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд

на кандидатот Јордана Перовска Чочкова ........................................................................107

Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд

на кандидатот Велика Дериволска ....................................................................................108

Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд

на кандидатот Афродита Taнеска .....................................................................................109

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**

Рецензија на универзитетски учебник со наслов Глобална безбедност од авторот

доц. д-р Татјана Гергинова ...................................................................................................110

# РЕФЕРАТ
## за избор на асистент-докторант од научната област „Информатика“ на Правен факултет – Кичево

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование, член 223 од Статутот на Универзитетот “Св. Климент Охридски” – Битола, член 69 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет – Кичево и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот “Св. Климент Охридски” – Битола, **Наставно – научниот совет на Правниот факултет во Кичево** на седницата одржана на 18.09.2015 година, со одлука број 02-545/4 формира Рецензентска комисија за избор на асистент-докторат во научната област „**Информатика**“ **(11000)**, во состав:

1. **Ред. проф. д-р Игор Неделковски – претседател;**
2. **Ред. проф. д-р Оливер Илиев – член;**
3. **Вонр. проф д-р Славчо Чунгурски – член;**

Во врска со горенаведеното, а по разгледување на добиените материјали од спроведениот конкурс, членовите на комисијата го поднесуваат следниот:

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс објавен во дневните весници **„Нова Македонија“**, **„Утрински весник“** и **„Лајм“** на ден **03.09.2015** година се пријавија два кандидати и тоа, **М-р Благој Неновски** и **М-р Александар Котевски**.

**М-р Благој Неновски**

М-р Благој Неновски е роден во Битола на 16.09.1987 година. Високо образование завршил на Техничкиот факултет во Битола, на студиската програма по Техничка информатика. Дипломирал на првиот циклус со просечен успех 8,63 со што се стекнал со звање дипломиран информатичар.

Како студент се стекнал со CICO CCNA 1 сертификат и SimLab сертификат за паралелни нумерички симулации.

По завршувањето на додипломските студии, кандидатот се запишува на последипломски студии на Техничкиот факултет во Битола во учебната 2009/2010, ги положил сите испити со просечен успех 10,00 и во 2012 се здобил со звањето магистер по информатика.

Во 2012 година кандидатот запишал докторски студии на Техничкиот факултет, и положил пет испити со моментална оцена 10,00.

Кандидатот ги посетил следните конференции:

- First International Scientific Conference on the topic: “Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia” (2013)
- CIIT 2015 12th International Conference on Informatics and Information Technologies (2015)

Кандидатот досега објавил 4 трудови од областа на информатиката и тоа:

- B. Nenovski , System for simulation and completion of exams with deep integration of Web 20 services, First International Scientific Conference on the topic: “Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia”, Skopje 2013
- B. Nenovski, The role of tablet computers in education, comparison to adopted existing technologies and the level of implementation in the Republic of Macedonia, First International Scientific Conference on the topic: “Influence of the scientific and technological development in the field of law, economy, culture, education and security in Republic of Macedonia”, Skopje 2013
- V. Stojkovski, B. Nenovski, Treats that may occur on the network with electronic work, HORIZONTI 2014, Scientific Journal of University “St. Kliment Ohridski” - Bitola
- B. Nenovski, P. Mitrevski, Real-World ARP Attacks and Packet Sniffing, Detection and Prevention on Windows and Android Devices, CIIT 2015, 12th International Conference on Informatics and Information Technologies 2015, April 24-26, 2015, Hotel Molika, Bitola, Macedonia

Кандидатот бил ангажиран како стручен соработник по предметите Информатика на Правен Факултет-Битола и Струга во академските 2009-2010, 2010-2011, 2011-2012, 2013-2014 и 2014-2015 и на Ветеринарен Факултет во академските 2010-2011, 2011-2012, 2013-2014 и 2014-2015.

Кандидатот доставил потврда за познавање англиски јазик од University of Cambridge, ESOL Examinations, First Certificate in English.

**М-р Александар Котевски**

М-р Александар Котевски е роден 10.03.1985 година. Дипломирал на Техничкиот факултет во Битола, студиска програма по Техничка информатика со просечен успех 9,6 со што се стекнал со називот дипломиран информатичар. Магистрирал на Техничкиот факултет во Битола со просечен успех 9,11 со што се стекнал со називот магистар по информатика. Од 2012 година е докторант на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со одлука 0204-998/8 од 25.9.2014 година одобрен му е наслов на тема „Адаптивен систем за давање на препораки врз основа на тагови во е-учење“.

Работното искуство го започнал во Mactel како Outsource PHP developer од 2003 до 2005 година. Од 2005 до 2007 година работел како Outsource PHP developer во Bizzsphere. Од 2008-2015 година е вработен како информатичар во Правниот факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола каде бил и демонстратор по предметот Информатика.

Кандидатот доставиле потврда за познавање англиски јазик од едукативен центар Мегасофт Плус.

Кандидатот досега објавил 23 трудови од областа на информатиката и тоа:

- A.Kotevski, I.Jolevski, Gj.Mikarovski, Overview of PageRank algorithm, ICEST 2010, Ohrid
- Gj.Mikarovski, A.Kotevski – Session Security, ICT-ACT 2010, Ohrid
- A.Kotevski, I.Jolevski, Gj.Mikarovski, HTML5 WebSocket, ICEST 2011, Nish
- Gj.Mikarovski, A.Kotevski, I.Jolevski, Issues of migration from Ipv4 to Ipv6, ICEST 2011, Nish
- A.Kotevski, Gj.Mikarovski, M-learning as a part of practical classes – Plovdiv 2011
- A.Kotevski, Gj.Mikarovski, QoS and Policy Menagment, International conference of young scientists, 2011
- А.Котевски, Модел на интелигентен систем за учење, Хоризонти 2011, УКЛО Битола
- A.Kotevski , Gj.Mikarovski, Intelligent learning system for High education, ICEST 2012
- A.Kotevski, Gj.Mikarovski, Using Cloud Computing in e-learning, ICEST 2012
- A.Kotevski, Using vector space model for text classifying in e-learning, Horizonti 2012, UKLO Bitola
- A.Kotevski, Using Bayesian Classification in e-learning, International Conference on applied internet and information technologies, Serbia 2012
- A.Kotevski, Gj.Mikarovski, Recommendation In E-Learning Based On Learning Style, XI, VIII International scientific conference on information, communication and energy systems and technologies, ICEST 2013, R.Macedonia
- A.Kotevski, R.Kotevska, Student classification in e-learning systems, Tents Conference for Informatics and Information Technology, CIIT 2013 R.Macedonia
- A.Kotevski, R.Kotevska, Virtual learning group in ntelligent e-learning systems, The 2 nd International Virtual Conference 2013, (ICTIC 2013) Slovakia
- A.Kotevski, C.Martinovska, R.Kotevska – Learning style determination in e-learning system, International conference of young scientists, Plovdiv 2013
- A.Kotevski, C.Martinovska Bande, Tag-Based Collaborative Filtering in e-learning system, Internatinal Conference on applied internet and information technologies, Serbia 2013
- A.Kotevski, C.Martinovska Bande, Recommending audio and video materials based on tag-based collaborative filtering, CIIT 2014, R.Macedonia
- A.Kotevski, A personalized e-learning system, Horizonti 2013
- A.Kotevski, C. Martinovska Bande and Gj.Mikarovski, Factors that affect the tag-based collaborative filtering, ICEST 2014
- A.Kotevski, N.Koceska, Multiple Audience Response System as a Support Tool in Education, ITRO 2014, Zrenjanin, Serbia
- A.Kotevski, C.Martinovska Bande, Improved algorithm for tag-based collaborative filtering, ITRO 2014, Zrenjanin, Serbia
- A.Kotevski, C.Martinovska Bande, Using tags similarity in tag-based collaborative filtering, International Conference on applied internet and information technologies, Serbia 2014
- A.Kotevski, C.Martinovska Bande, Additional parameters that affect the tag-based collaborative filtering, 6th Conference on e-Learning, Serbia

**Анализа на пријавените кандидати**

Врз основа член 125-а од Законот за високото образование и член 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола (во натамошниот текст Правилникот на УКЛО), за асистент - докторант може да биде избрано лице кое има завршено втор циклус студии од соодветно научно, односно уметничко подрачје, има остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус на студии, има познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа (TOEFEL) - најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, (IELTS) - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, (TOLES) - базично познавање (Foundation level), (ILEC) - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English) - (B1), како и да покажува способност за наставно-научна, односно наставно- уметничка дејност.

Комисијата во следната табела ги сублимираше квалитетите на пријавенит кандидати во поглед на критериумите за избор согласно член 125-а од Законот за високото образование.

| Критериум | Благој Неновски | Александар Котевски | Заклучок |
|---|---|---|---|
| Завршен втор циклус на студии од соодветно научно подрачје | Магистер по Информатика | Магистер по Информатика | Двата кандидати ги исполнуваат условите од ЗВО и имаат завршено втор циклус од соодветно научно подрачје |
| Има остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв циклус студии | 8,63 | 9,52 | Двата кандидати ги исполнуваат условите од ЗВО. Повисок просек на прв циклус студии има Александар Котевски за 0,89 |
| Има остварено просечен успех од најмалку 8,50 на втор циклус студии | 10 | 9,11 | Двата кандидати ги исполнуваат условите од ЗВО. Повисок просек на втор циклус студии има Благој Неновски за 0,89 |
| Има познавање од англиски јазик кое кандидатот го докажува со потврда за познавање на јазикот и тоа (TOEFEL)- најмалку 74 бода за електронско полагање преку компјутер не постар од две години од денот на издавањето, (IELTS) - најмалку 6 бода не постар од две години од денот на издавањето, (TOLES) - базично | Доставил сертификат од University of Cambridge, ESOL Examinations, Level 1 Certificate in English (ESOL) на кој добил оценка Grade C in the First Certificate in English, Council of Europe Level B2 на ден 10/08/2005. Број на | Доставил Потврда од Мегасофт плус за полжен тест на Англиски јазик IV степен на ден 12.04.2011 | Кандидатот Александар Котевски НЕ ги исполнува условите од ЗВО бидејќи не доставил валидна потврда за познавање на англиски јазик согласно член 125-а од ЗВО<br><br>Кандидатот Благој Неновски доставил потврда за познавање на англиски јазик од Универзитетот во Кембриџ. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| познавање (Foundation level), (ILEC) - положен со успех најмалку Б2 (B2) и Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English) (B1), | сертификатот 0013949034 | | |
| Покажува способност за наставна дејност | Демонстратор на Правниот факултет – Кичево и Ветеринарниот факултет – Битола по предметот Информатика | Демонстратор на Правниот факултет - Кичево | Двата кандидати покажуваат способност за наставна дејност. |
| Покажува способност за научна дејност | Доставил список (и копии) на 4 трудови | Доставил список на 23 трудови | Двата кандидати покажуваат способност за научна дејност. Значително поголем број на трудови има Александар Котевски. |
| Друго – докторски студии | Запишан е на трет циклус студии на Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола | Запишан е на трет цилус студии на Универзитетот “Гоце Делчев” - Штип | Двата кандидати се запишани на трет циклус студии. Кандидатот Благој Неновски доставил копија од индекс за положени пет испити од трет циклус на студии. Кандидатот Александар Котевски доставил наслов на тема за изработка на докторски труд одобрен на Универзитетот во Штип |
| Друго - сертификати | Потврда за завршен CCNA1 курс од Здружение на Циско Системи, Сан Хосе, САД Потврда за успешно учество во 7-ми СимЛаб Курс за Паралелена Нуме-ричка Симулација од Технички универзитет Минхен, и Технички универ-зитет Клуж Напока, Романија | Нема | Кандидатот Благој Неновски доставил потврди за завршени меѓународни курсеви од областа на информатиката |

Од горната табела може да се заклучи дека двата кандидати ги исполнуваат условите во поглед на завршен втор циклус на студии од соодветно научно подрачје, остварено просечен успех од најмалку 8,50 на прв и втор циклус студии и покажуваат способност за наставно- научна дејност.

Кандидатот м-р Александар Котевски не ги исполнува условите во поглед на познавање на англиски јазик, бидејќи не доставил потврда за познавање на англиски јазик од институција специфицирана во 125-а од Законот за високото образование и член 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Кандидатот м-р Благој Неновски, доставил потврда за познавање на англиски јазик од Универзитетот во Кембриџ. Потврдата се однесува на ESOL Examinations, Level 1 Certificate in English (ESOL) на кој добил оценка Grade C in the First Certificate in English, Council of Europe Level B2. Потврдата е од 10/08/2005 со број 0013949034.

Во Законот за високо образование односно Правилникот на УКЛО како услов за прием на асистент- докторант е наведен Кембриџ сертификат за прелиминарен англиски (Cambridge Cerficate of Preliminary English) - (B1). При тоа не е наведено колку треба да биде стар овој сеетификат, што значи е прифатлив сертификат издаден од било која дата.

Со проучување на веб порталот на Универзитетот во Кембриџ во кој се објаснети нивоата на сертификатите издадени од Универзитетот во Кембриџ (Cambridge English) http://www.cambridgeenglish.org/exams/cefr/ комисијата го воочи следниот дијаграм, за нивоата на сертификатите



Според овој дијаграм First Certificate in English е повисоко рангиран од Preliminary English кој се бара како минимум во Законот за високото образование. First Certificate in English е од класа B2, додека минимално потребниот сертификат Preliminary Engilsh е од класа B1 која е пониска од класата B2 (највисока е класата C2).

Затоа комисијата смета дека кандидатот Благој Неновски покрај другите услови за избор во асистент- докторант го исполнува и условот за доставена валидна потврда за познавање англиски јазик од институција специфицирана во член 125-а од Законот за високото образование и член 10 од Правилникот на УКЛО.

**Заклучок**

Поради горенаведеното, Рецензентската комисија смета дека кандидатот **М-р Благој Неновски**, ги исполнува општите и посебните критериуми дадени во конкурсот, законските и подзаконските прописи и другите општи акти на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола за избор во звање АСИСТЕНТ- ДОКТОРАНТ од научната област ИНФОРМАТИКА. Имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно - научниот совет при Правниот факултет – Кичево, кандидатот **М-р Благој Неновски да го избере во звањето АСИСТЕНТ - ДОКТОРАНТ** од научната област **ИНФОРМАТИКА (11000)**.

Рецензентска комисија:

1. Ред. проф. д-р Игор Неделковски – претседател; с.р.

2. Ред. проф. д-р Оливер Илиев – член; с.р.

3. Вонр. проф. д-р Славчо Чунгурски – член, с.р.

29.09.2015